13

П. бр.49/07

ОСНОВНИОТ СУД ВО РЕСЕН, како првостепен парничен суд, составен од судијата Царева проевска, како судија поединец, во правната работа по тужбата на тужителот ДООЕЛ "Тејн-Инжинеринг" од Ресен, против тужениот Николче Келешовски од Битола, за надомест на штета, вредност 270.447,оо ден., на ден 02.09.2009 год., постапувајќи по поднесокот за исправка на пресуда, поднесен од полномошникот на тужениот, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Во изреката на пресудата на овој суд под П.бр.49/07 од 19.09.2008 год., во ставот II стои:"Се задолжува тужителот на тужениот да му ги надомести парничните трошоци износ од 14.620,00 ден., а до бараниот износ од 40.544,00 ден.ги одби КАКО НЕОСНОВАНИ", А ТРЕБА ДА СТОИ:"Се задолжува тужителот на тужениот да му ги надомести парничните трошоци износ од 24.620,00 ден., а до бараниот износ ги одби КАКО НЕОСНОВАНИ".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

При писмена изработка на пресудата на овој суд под горниот број од 19.09.2008 год. направена е техничка грешка така што во изреката на истата во ставот под II стои дека се задолжува тужителот на тужениот да му ги надомести парничните трошоци износ од 14.620,00 ден., а до бараниот износ од 40.544,00 ден., ги одби како неосновани а треба да стои се задолжува тужителот на тужениот да му ги надомести парничните трошоци износ од 24.620,00 ден., а до бараниот износ од 40.544,00 ден., ги одбо како неосновани.

Со писмен поднесок полномошникот на тужениот, адв.Ристо Цибалевски од Битола, предложи со решение судот да ја исправи ваквата очигледна грешка.

Постапувајќи по поднесокот а уочувајќи ја очигледната грешка при изработката на пресудата, судот во смисла на одредбите од 328 од ЗПП одлучи како во изреката на ова решение.

С у д и ј а,
Царева Проевска,с.р.

ПОУКА: Дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот, преку овој суд, до Апелациониот суд во Битола.
Д-НА: На полномошинците на странките.

Exp-d решенија
05.09.09

**ОСНОВЕН СУД - РЕСЕН**
**Граѓански оддел**

Ознака на списот: П бр. 49/07

Евиденција ______

Предеевиденција ______

Кон. Покушана достава
двапати затворена канцеларија.
17.09.09

# ДОСТАВНИЦА

## за лично доставување

отсатен трајно
30.10.09

Примач: адв. Никола Трајановски

Ресен

Назив на актот што се доставува: реш - исправка на пресуда

Број на прилозите ______

Потврдувам дека горенаназначениот акт го примив на (со букви) ______

______ 200___ година.

(потпис на примачот) (потпис на доставувачот)

Кон. Не работи повеќе како Адвокат.

Оставено во судски преградок на ден 26.10.09

Ако примачот е написмен или не е во состојба да се потпише го потпишува доставувачот со забелешка, зошто примачот не го ставил својот потпис.